Македонска Банкарска Асоцијација

**Бр.03-148/1**
**02.4.2021**
**Скопје**

**Иницијатива за измена на прекршочните одредби и одложување на стапувањето на сила на Законот за заштита на личните податоци**

Рокот за усогласување на контролорите со новиот Закон за заштита на личните податоци кој ја транспонира Општата регулатива за заштита на личните податоци (GDPR) е до 24.08.2021 година. Станува збор за сеопфатен „рамковен“ закон кој воведува високи стандарди за заштита на личните податоци преку кои се врши усогласување со европското законодавство и закон кон кој треба да се прилагоди и останатото домашно законодавство во оваа област. Сепак, од самата најава на GDPR се покренаа голем број на дискусии и реакции на глобално ниво за предизвиците во имплементација на високите стандарди, големиот регулаторен товар за државите-членки и компаниите како и неизвесноста во поставувањето на регулаторните институции, особено од аспект на казнување и изрекување мерки.

Банките целосно ја препознаваат и поддржуваат важноста на заштитата на личните податоци и вложуваат сериозни напори и ресурси целосно да се усогласат со новиот Закон.

Сепак, важно е да се напомене дека во текот на 2020 година целата економија, вклучувајќи ги и банките, беа фокусирани на справување со пандемијата од корона вирусот. Имено, стапувањето на сила на законот и подзаконските акти, како и периодот на усогласување на контролорите со истите е во периодот додека трае пандемијата со Ковид 19. Функционирањето на контролорите, особено на банките во услови на пандемија е отежнато и банките вложуваат огромни ресурси и фокус кон реализација на нови проекти кои се однесуваат на побезбедно функционирање во ново настаната состојба и тоа: проекти поврзани со дигитализација, дадавање на услуги од далечина, особено потребата од далечинска идентификација, излегување во пресрет на државните проекти поврзани со финанските пакети и сл.

Веќе извесно е дека справувањето со епидемијата ќе биде приоритет и во 2021 година. Во вакви кризни околности без преседан, компаниите, со оглед на фокусот на проекти за справување со пандемијата не се во можнос целосно да се посветат на усогласување со новиот Закон поради објективни причини. Поради ова, а со оглед на обемот на обврските со цел доследно усогласување со оваа регулатива, предлагаме пролонгирање на рокот за усогласување со законот до 31.08.2022 година, со цел поефикасна негова имплементација и подготовка на компаниите и јавните институции.

Истовремено, сакаме да истакнеме дека предвидениот начин на одмерување и висина на глобите не соодветствува со суштинската улога на глобата, односно со нејзината превентивна и корективна улога. Имено, предвидените казни се превисоки и не одговараат на тежината на прекршоците, со што се остава простор за правна несигурност во работењето на правните субјекти.

Во таа насока, при услови на драстично различен профит од страна на различните субјекти опфатени со Законот може да се случи на субјект за помал прекршок да биде изречена екстремно висока парична казна, додека на субјект со посериозен прекршок (кој континуирано остварува незначителен приход) да биде изречена минимална парична казна. Сметаме дека на овој начин се остава простор за зголемување на апетитот за преземање ризик кај субјектите кај кои паричната казна би била минимална.

Согласно Законот за заштита на личните податоци, се предвидува глоба во износ до 4% од вкупниот годишен приход на контролорот или обработувачот-правно лице, (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи.

Истакнуваме дека вака **дефинираните износи на глоби** изразени како процент од приходот на правното лице **кои за банките може да достигнат енормни износи на пример:**

- ако приходот изнесува ЕУР 100 000 000, глобата ќе изнесува до ЕУР 4 000 000;
- ако приходот е ЕУР 200 000 000, глобата ќе изнесува ЕУР 8 000 000;
- ако приходот е ЕУР 300 000 000 глобата ќе изнесува ЕУР 12 000 000,

и истите не се ниту ефективни, ниту пропорционални на тежината на прекршоците, додека одвратувачки можат да бидат и доколку се предвидени во помал (реален) износ (како што е впрочем со другите закони кои предвидуваат значително посоодветни казни а усогласеноста на работењето на банките со истите е на високо ниво).

Како поткрепа на погоренаведеното би сакале да истакнеме дека и земјите од регионот кои не се членки на Европската Унија, во своите прописи за заштита на личните податоци кои се хармонизирани со Европската регулатива за заштита на лични податоци, **во делот на прекршоците имат предвидено пониски глоби од оние предвидени со нашиот Закон**. Имено, согласно Законот за заштита на личните податоци на Република Србија казната за сторен прекршок на одредби од овој Закон изнесува од 50.000,00 до 2.000.000.00 динари, односно во распон приближно од 425 евра до 17.000,00 евра. Во Законот за заштита на лични податоци на Република Црна Гора пропишани се казни во распон од 500 до 20.000,00 евра, во Република Косово највисоките казни изнесуваат од 4.000,00 до 10.000,00 евра, во Република Босна и Херцеговина од 5.000,00 до 150.000,00 КМ односно приближно околу 2.550,00 евра до 76.500,00 евра, додека во Република Албанија највисоките казни изнесуваат од 1.000.000,00 АЛЛ што е отприлика 8.050,00 евра.

Со оглед на погоре наведеното, предлагаме измена во поглед на утврдениот начин на пресметка на глоба за сторен прекршок, односно моментално определениот процентуален износ од приходот во претходната фискална година (членови 110 и 111 од Законот), да се замени со изразување на глобите во распон во фиксни износи, земајќи во предвид одредени отежнителни и олеснителни околности за сторен прекршок при одмерување на глобата .

Евентуални дополнителни усогласувања со прекршочни одредби во насока на усогласување со европското законодавство, предлагаме да биде одложено до пристап на нашата држава во ЕУ.